Република Македонија
Државна изборна комисија

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
Бр. 07-275/2
14. 02. 2014 год.

# ЗАПИСНИК
## ОД 58 –ТА СЕДНИЦА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 5 ФЕВРУАРИ 2014 ГОДИНА

**ЗАПИСНИК**
**од педесет и осмата седница на Државната изборна комисија**

Педесет и осмата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 5 февруари 2014 година ( среда ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 12:00 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М – р. Субхи Јакупи -** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

На Седницата не присуствуваше Генерален секретар на Државната изборна комисија, Биљана Стојановска од оправдани причини.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 56 – тата Седница на Државната изборна комисија одржана на 31 јануари 2014 година и Записникот од 57 –та Седница на Државната изборна комисија одржана на 3 февруари 2014 година;**
2. **Разгледување на Предлогот на Јавниот повик за државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство за увид во Избирачкиот список и за пријавување за гласање на изборите за Претседател на Република Македонија на 12.04.2014 год;**
3. **Разгледување на Предлози за изгледот на Избирачкиот список;**
4. **Предлог Одлука за утврдување на трошоци за спроведување на изборни активности во реално направени износи;**
5. **Разно.**

Се отвори расправа по дневниот ред.

Никој не побара збор и предложениот дневен ред е ставен на гласање и изјаснување.

**Комисијата едногласно го усвои предложениот дневен ред.**

**Точка 1:**

**Разгледување и усвојување на Записникот од 56 – тата Седница на Државната изборна комисија одржана на 31 јануари 2014 година и Записникот од 57 –та Седница на Државната изборна комисија одржана на 3 февруари 2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски отвори дискусија по Записникот од 56 – тата Седница на Државната изборна комисија одржана на 31 јануари 2014 година.

Никој не побара збор и Записникот од 56 –та Седница на ДИК е ставен на гласање.

**Комисијата едногласно го усвои Записникот од 56 – тата Седница на Државната изборна комисија одржана на 31 јануари 2014 година.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски отвори дискусија по Записникот од 57 – та Седница на Државната изборна комисија одржана на 3 февруари 2014 година.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК,М-р. Субхи Јакупи, кој немаше забелешка на Записникот, но даде сугестија Генералниот секретар на ДИК и Заменикот Генерален секретар на ДИК да се задолжат за спроведување на законската обврската на ДИК за своите Седници да подготвува Записници и усвоените Записници да ги објавува благовремено на ВЕБ страна на ДИК, за што ДИК има капацитет.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека оваа сугестија се прифаќа.

Никој друг не побара збор и Записникот од 57 –та Седница на Државната изборна комисија одржана на 3 февруари 2014 година е ставен на гласање.

**Комисијата едногласно го усвои Записникот од 57 –та Седница на Државната изборна комисија одржана на 3 февруари 2014 година**

**Точка 2:**

**Разгледување на Предлогот на Јавниот повик за државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство за увид во Избирачкиот список и за пријавување за гласање на изборите за Претседател на Република Македонија на 12.04.2014 год;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски даде објаснување во врска со Јавниот повик со кој се повикуваат државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство, а кои сакаат да го остварат своето избирачко право, да извршат увид во посебните изводи од Избирачкиот список во период од 16.02.2014 год. до 07.03.2014 год. во просториите на Дипломатско – конзуларните претставништва, односно конзуларните канцеларии на Република Македонија и да пополнат пријави за гласање во период од 1.02.2014 год. до 7.03.2014 год. Се работи за Изборните единици 7 ( Европа и Африка ) , 8 ( Северна и Јужна Америка ) и 9 ( Азија и Австралија ) а гласањето за избор на Претседател на Република Македонија ќе се одржи на 12.04.2014 година. Во Јавниот повик е наведено кои документи треба да ги содржи пријавата за гласање.

Се отвори дискусија по оваа точка. За збор се јавија Потпретседателот на ДИК, М-р,Субхи Јакупи, Бедредин Ибраими, Сашо Срцев, Влатко Сајкоски и Виолета Дума,Членови на ДИК со заедничко мислење дека текстот на Јавниот повик за нашите граѓани во странство да си го остварат своето избирачко право е во склад со Изборниот законик но имаа сугестија дека треба да се донесе Упатство во врска со начинот и постапката на разгледувањето на пријавите за гласање.

Расправата се затвори и Предлогот на Јавниот повик за државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство за

увид во Избирачкиот список и за пријавување за гласање на изборите за Претседател на Република Македонија на 12.04.2014 год. е ставен на гласање.

**Комисијата едногласно го усвои Јавниот повик за државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство за увид во Избирачкиот список и за пријавување за гласање на изборите за Претседател на Република Македонија на 12.04.2014 год. со Заклучок да се донесе Упатство за начинот и постапката на разгледувањето на пријавите за гласање.**

**Точка 3:**
**Разгледување на Предлози за изгледот на Избирачкиот список;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски даде мало појаснување во врска со оваа точка. За изгледот на Избирачкиот список се расправало и на работен состанок и на мислење е дека поради тоа што е ДИК навлезена во изборен процес оваа точка треба да се разгледа на некоја од седниците по завршувањето на изборите.

Се отвори дискусија по оваа точка. За збор се јавија Потпретседателот на ДИК,М-р.Субхи Јакупи, Бедредин Ибраими, Анета Стефановска, Сашо Срцев, Виолета Дума и Влатко Сајкоски, Членови на ДИК.

Од дискисиите произлезе Заклучок

1. Да се подготви писмо до Министерството за внатрешни работи да ни одговори како ги води податоците во изворните евиденции во општините во кои живеат најмалку 20 % од граѓаните припадници на другите заедници;
2. Да се извршат консултации со Државниот завод за статистика дали е возможно, поради тоа што сме навлезени во изборен процес, да се изврши промена на изгледот на Избирачкиот список, каков ќе биде Избирачкиот список за општините во кои живеат најмалку 20 % од граѓаните припадници на другите заедници во врска со имплементацијата на членот. 41 став ( 3 ) од Изборниот законик;
3. По добивањето на бараните одговори од Министерството за внатрешни работи и Државниот завод за статистика и по разгледувањето на истите на работен состанок оваа точка повторно ќе се стави на дневен ред на некоја од наредните седници.

Заклучокот е ставен на гласање.

**Комисијата со 6 гласа " ЗА " и 1 глас " ВОЗДРЖАН " го усвои Заклучокот.**

**Точка 4:**
**Предлог Одлука за утврдување на трошоци за спроведување на изборни активности во реално направени износи;**

Во врска со оваа точка објаснување даде Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи. Се работи за одлука за утврдување на трошоци за спроведување на изборните активности која се носи на секој изборен циклус, во која се наведени сите потребни трошоци и истата е во склад со активностите на ДИК. Ја прифаќа оваа одлука.

Никој не побара збор и Предлог Одлуката за утврдување на трошоци за спроведување на изборни активности во реално направени износи, е ставена на гласање.

**Комисијата едногласно ја усвои Одлуката за утврдување на трошоци за спроведување на изборни активности во реално направени износи;**

**Точка 5:**

**Разно.**

За збор по оваа точка се јавија:

- Потпретседателот на ДИК,М-р. Субхи Јакупи кој даде предлог да се изготви циркуларно писмо до сите Општинските изборни комисии да отпочнат со активности, односносно со сите организационо – технички и административни подготовки за организирање и спроведување на изборите на Претседател на Република Македонија.
- Влатко Сајкоски, Член на ДИК се согласи со предлогот на Потпретседателот на ДИК,М-р. Субхи Јакупи и даде дополнение Општинските изборни комисии да направат анализа, со цел на усогласувањето со чл.38 т. (4 ) од Законот за изменување идополнување на Изборниот законик и да достават податоци за тоа колку од претседателите на Избирачките одбори и нивните заменици не се со високо образование и колку од членовите на Избирачките одбори и нивните заменици не се со средно образование.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека предлозите на Потпретседателот на ДИК,М-р. Субхи Јакупи и Влатко Сајкоски, Член на ДИК се во интерес на работата на ДИК, да се подготви писмо со содржината наведена во предлозите и да се достави до Општинските изборни комисии.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, поради тоа што немаше други пријавени за дискусија, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори педесет и осмата седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**58-та седница на Државната изборна комисија заврши во 13:30 часот.**

**Број** 07-275/1
14.02. **2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Билјана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**